РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISE SE VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ
AGJENCIA PER SHERBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE
Број: / Numer: 03-1942/1
17.04.2024 година / viti
СКОПЈЕ - SHKUP


**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

**ул. Македонија бр.38**
**1000 Скопје**


**До: ДРЖАВНА ИЗБОРНА КОМИСИЈА**

**Предмет: Дневен извештај на Агенцијата**

Почитувани,

Врз основа на обврските од член 76-в став 2 од Изборниот законик, а во согласност со Меморандумот склучен меѓу нашите институции на 04.02.2016 година, Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги го доставува дневниот извештај за **16.04.2024 година.**

Во рамки на овој извештај Ве известуваме дека Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги го објави вториот Извештај од мониторингот на медиумското претставување за претстојните претседателски и парламентарни избори, за периодот од 8 март до 3 април 2024 година. Мониторингот ги опфати програмските сервиси на девет национални програмски сервиси, со фокус на прилозите во централните изданија на вестите/ТВ дневникот што се поврзани со теми за предизборието и со домашните актуелни општествено-политички случувања. Не беа констатирани прекршувања на Изборниот законик и Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, од страна на радиодифузерите.

Извештајот од мониторингот на медиумското претставување за периодот од 8 март до 3 април 2024 година е објавен на веб страницата на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**
**Директор,**

**д-р Зоран ТРАЈЧЕВСКИ**